CIVICA MOBILITAS

*Citizens for change!*

# ЦИВИКА МОБИЛИТАС

# ГРАНТОВИ ЗА ГРАЃАНСКИ АНГАЖМАН

## ПОВИК ЗА ПРЕДЛОЗИ

референтна ознака ЦМ-ГГА

рок: 12 април 2024 г., 13:00ч.

## П Р А Ш А Њ А  И  О Д Г О В О Р И

од информативни средби во Крива Паланка, Гостивар, Велес, Струмица, Струга, Штип, Битола и Скопје и по е-маил до 02.04.2024 г. (до 13:00 ч.)

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА МЦМС

NIRAS FCG.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска

Во продолжение се објавени прашањата во врска со овој повик, поставени до крајниот рок 13:00 часот на 02.04.2024 г.

| **1. Општи прашања за повикот за грантови за граѓански ангажман на програмата Цивика мобилитас** | |
|---|---|
| П1. Ве молам за информација за повикот за грант за ГО со партнерска подршка што значи тоа бидејќи ние сме почетници и досега НЕ сме користел и немаме искуство за аплицирање!? | Овој повик за предлози е за грантови за граѓански ангажман. Условите и критериумите за аплицирање се дадени во Водичот за апликанти. |
| П2. Дали може дел од средствата да се дадат за поддршка на семејства со корисници со пречки во развој?<br><br>П2.2 Дали е дозволено да се обновуваат стари објекти?<br><br>П2.3 Дали има поширока листа за подобни и неподобни трошоци?<br><br>П2.4 Кои вид набавки се дозволени?<br><br>П2.5 Дали се подобни трошоци за изработка на урбана опрема? | Подобните и неподобните трошоци се опишани во точка 3.4. Трошоци од Водичот за апликанти. Во зависност од планираните активности ваквите трошоци може да биде подобни или неподобни. Предложените активности треба да придонесат кон целта и приоритетите на овој повик. Повеќе информации се дадени во точка 2.2. Приоритети и точка 3.3. Активности од Водичот за апликанти. |
| П3. Дали можеме да опфатиме активности во различни градови/региони и со различни институции?<br><br>П3.1 Дали активностите мора да се спроведуваат само во регионот во кој се регистрирани организациите?<br><br>П3.2 Дали активностите може да бидат спроведени и во други региони?<br><br>П3.3 Дали може активностите да се спроведуваат во различни плански региони?<br><br>П3.4 Активностите дали може да се спроведуваат на национално или регионално ниво? | Сите активности треба да се спроведат во планскиот регион каде што сте регистрирани – подобни се сите општини и градови кои се во тој плански регион. Исклучок може да се направи доколку потребната институција или друг субјект не се достапни во планскиот регион а се потребни за успешна реализација на активностите.<br><br>Ова не мора да значи дека планираните/постигнати резултати се однесуваат само на регионално ниво. |
| П5. На кои теми може да се аплицира?<br><br>П5.1 Дали може да се измешаат приоритетните теми/области на Цивика мобилитас - конкретно: социјална инклузија со здравје? | Грантовите за граѓански ангажман мора да придонесат кон Резултат 1 на Цивика мобилитас. Пожелно е грантовите да бидат во една од приоритетните теми/области на Цивика мобилитас. При пополнувањето на пријавата мора да се избере една главна специфична област/тема, но тоа не значи дека не може да се |

| | |
|---|---|
| П5.2 Дали треба да се насочиме само кон една тема или може да се опфатат повеќе теми?<br><br>П5.3 Дали проектот може да е на повеќе теми и партнерите да се од повеќе сектори?<br><br>П5.4 Кои се пожелните/приоритетни теми на повикот?<br><br>П5.5 Дали има преферирана тема/теми? | опфатат и други теми со предвидените активности. Повеќе информации може да најдете во дел 2.2 Приоритети во Водичот за апликанти. |
| П6. Дали евалуацијата на апликациите ќе се прави по региони?<br><br>П6.1 Дали ќе се доделат на секој плански регион по 1 грант или зависи од квалитетот на пријавата?<br><br>П6.2 Дали регионално ќе се делат грантовите?<br><br>П6.3 Дали е ограничено колку организации ќе добијат грант по регион? | Целта е да се додели најмалку по еден грант за секој од осумте плански региони, со што ќе се опфати целата територија на државата. Комисијата за избор на грантови може да примени „тежински фактори“ со цел да се опфатат сите осум плански региони со најмалку еден грант за граѓански ангажман и да се опфатат некои или сите специфични теми/области од овој повик за предлози и да постигне подобар баланс на добитници на грантови како што е наведено во приоритетите на овој повик. Повеќе информации се дадени во Водичот за апликанти |
| П7. Кое е времетраењето на грантот?<br><br>П7.1 Која е временската рамка на проектот?<br><br>П7.2 Дали може помалце од 24 месеци?<br><br>П7.3 Која е временската рамка?<br><br>П7.4 Дали има предност доколку времетраењето на проектот е подолго? | Времетраењето на грантовите не може да биде помалку од 24 или повеќе од 28 месеци. Доколку времетраењето во пријавата е над одобрениот максимум пријавата ќе се смета за неподобна. |
| П8. Дали има минимален износ на грант?<br><br>П8.1 Има ли минимум барање за грант? | Не, нема таков критериум во овој повик. |
| П9. За регионалните настани, дали треба да се вклучени сите организации од целиот регион? | Не. Овие настани граѓанските организации треба да ги користат како платформи за презентирање на нивните организации, луѓе, цели и постигнувања. Секој грантист ќе треба да организира најмалку еден регионален настан поврзан со нивниот одобрен грант во формат, рамка и дизајн што го претпочитаат. |
| П10. Буџетот првично не е задолжителен за прикачување? | Прилог 2. Буџет и оправданост е задолжителен и се пополнува во онлајн форматот. Повеќе информации се дадени во дел во Водичот за пополнување пријава. |
| П11. Што подразбира учество на соработници? | Вклучувањето соработници не е задолжително. Индивидуалци може да бидат соработници. |

| | |
|---|---|
| П11.1 Дали може како соработници да се јават индивидуалци? | Повеќе информации се дадени во дел 3.1.3 Соработници во Водичот за апликанти |
| П12. Што се подразбира под проверливи докази за граѓански ангажман?<br><br>П12.1 Каков тип докази се прифатливи?<br><br>П12.2 Може ли дообјаснување за прилог 4 и каков тип докази за граѓански ангажман се потребни?<br><br>П12.3 Може ли дообјаснување за пополнување на табелата за доверливи докази, може ли да се искористат претходни активности, дали се прикачуваат на платформата<br><br>П12.4 Дали активностите за консултирање со конституентите може да се спроведени од претходно и да се искористат тие податоци?<br><br>П12.5 Дали може needs assessment да биде доказ за граѓански ангажман?<br><br>П12.6 Каков тип документи треба да се достават за документирање во однос прилог 4?<br><br>П12.7 Дали има временска рамка за вклучување на конституенти?<br><br>П12.8 Дали може да се опфатат анкети како доказен материјал за прилог 4?<br><br>П12.9 Дали може од претходни проекти да се користат податоци како доказ за прилог 4?<br><br>П12.10 Дали има одреден број граѓани кои треба да бидат вклучени во докази за прилог 4?<br><br>П12.11 Дали има ограничување на старосната граница на конституентите? | Активниот граѓански ангажман треба да биде објаснет и документиран во пријавата со проверливи и веродостојни документи. Тоа може да бидат пример: слики, листи на присуство, записници, заклучоци, спроведени анализи итн. Нема временска рамка ниту одреден број за вклучување на конституенти доколку вклучувате. Претходни активности може да бидат дел од овој прилог но истите мора да бидат релевантни (временски и тематски). Повеќе информации се дадени во дел во Водичот за пополнување пријава. |
| П13. Бидејќи треба да се одвојат трошоци од вкупниот буџет за учество на настани на Цивика Мобилитас, колку настани се планирани, за колку лица и дали се само во Македонија? | Настаните на Цивика се задолжителен трошок. Треба да се вклучат трошоци за учество (сместување и патни трошоци) на најмалку еден претставник од носителот и по еден од партнерите на годишните настани на Цивика мобилитас: Национален форум (најмалку 2) и |

| | |
|---|---|
| П.13.1 Настаните на Цивика – дали да се предвидат за носителот или за сите организации<br><br>П13.2 Дали за настаните на Цивика треба да се одвојат средства од буџетот?<br><br>П13.3 Што е покриено (патни трошоци или сместување) за учество на настани?<br><br>П13.4 Во однос на учество на настани на Цивика – за колку лица по организација треба да се планираат трошоци и дали само транспорт се покрива?<br><br>П13.5 Дали за сите настани треба да се предвиди трошок за транспорт и сместување? Што е покриено (патни трошоци или сместување) за учество на настани? | Средба за вмрежување (најмалку 3) за времетраење на грантот ангажман.<br>Настаните се организираат само во Македонија. |
| П14. Дали финансиските средства ќе се префрлат само на носителот па отпосле носителот ќе ги прераспределува на партнерите?<br><br>П14.1 Средствата дали стигнуваат кај носителот?<br><br>П14.2 Дали финансиските средства се префрлаат кај носителот?<br><br>П14.3 Дали може носителот да прави трансфер на средства на партнерите по фази или треба одеднаш? | Цивика мобилитас потпишува договор само со носителот на проектот (апликантот) и на него се префрлаат договорените средства. Распределбата по добивањето на грантот ја регулираат носителот и партнерите со меѓусебен договор. |
| П15. Дали е задолжителна регистрација во СЕП?<br><br>П15.1 Дали како донатор ќе ни помогнете при регистрација во СЕП?<br><br>П15.2 Кои организации треба да бидат регистрирани во СЕП и УЈП, дали само носителот или и партнерите? | Да, добитниците на грант за граѓански ангажман ќе бидат задолжени да ги регистрираат нивните проекти во СЕП. Носителот поднесува пријава со СЕП во името на сите. За оваа активност Цивика обезбедува водич за онлајн пополнување во СЕП и поддршка за целиот процес за ослободување од ДДВ. |
| П16. Дали е задолжителна регистрација во УЈП? | Да, откако добитниците на грант за граѓански ангажман ќе добијат решение од СЕП. |
| П17. Дали се предвидува авансно плаќање? | Во однос на договорот помеѓу Цивика мобилитас и добитниците на грант – да, со потпишувањето на договорот се исплаќа авансен износ. Доколку прашањето се однесува на авансни плаќања од |

| | |
|---|---|
| | организацијата (добитник на грант) за спроведување на проектот тогаш одговорот е не, не се дозволени авансни исплати на плати, оперативни и директни трошоци. |
| П18. Дали доколку еден од партнерите е добитник на грант на Цивика во 2022 може да се продолжат дел активностите од претходниот грант? | Да, може. Нема критериум или пречка да се поддржи продолжување на претходни активности. |
| П19. Дали треба да се наведат трошоците што се кофинансирани од друг донатор?<br><br>П19.1 Дали треба да се вклучени и објаснети во буџетот трошоците кофинансирани од друг донатор? | Не. Во оваа фаза на пријавување доволно е да се наведете износот на кофинансирањето. Доколку пријавата биде прелиминарно одобрена ќе ви биде побарано детално објаснение на кофинансираните трошоци. |
| П20. Дали има максимален број на партнери?<br><br>П20.1 Дали има максимум број на партнери? | Не, нема таков критериум во овој повик. |
| П21. Еден од партнерите има социјално претпријатие со слична дејност со активностите на проектот, дали може да го вклучиме веќе формираното претпријатие или треба да се отвори ново? | Социјалните претпријатија се регистрирани согласно Законот за социјално претприемништво. Постоечкото социјално претпријатие може да се вклучи како соработник. Повеќе информации се дадени во точка 3. Критериуми за подобност во Водичот за апликанти. |
| П22. Дали може да се исклучи партнерот ако не ги спроведува активностите? | До сега не сме имале таков случај. Цивика мобилитас потпишува договор само со носителот на проектот (апликантот). Распределбата и утврдувањето обврски по добивањето на грантот ја регулираат носителот и партнерите со меѓусебен договор во кој може да наведете член кој го регулира ова прашање. |
| П23. Дали е проектот ослободен од ДДВ?<br><br>П23.1 Дали се ослободени од ДДВ?<br><br>П23.2 Буџетот се планира без данок?<br><br>П23.3 Дали е ослободен проектот од ДДВ?<br><br>П23.4 Дали буџетот се планира без ДДВ? | ДДВ не е подобен трошок во овој повик. Организациите добитници на грант за граѓански ангажман мора да го регистрираат проектот во Секретаријатот за европски прашања (СЕП). |
| П24. Кој е вкупниот буџет за 1 грант?<br><br>П24.1 Која е вкупната сума на еден грант? | Максималниот износ на грантовите е до 5.600.000 денари. |
| П25. Кои може да бидат соработници? Со каков документ да поддржиме дека имаме соработници? | Примери за соработници може да најдете во точка 3.1.3. Соработници во Водичот за апликанти. Во оваа фаза на пријавување доволно е да ги наведете бараните податоци во пријавата. Доколку имате меморандум за соработка, писмо |

| | |
|---|---|
| П25.1 Каков тип на документ треба да прикажеме за соработка со институција? Како што ќе ги вклучиме институциите?<br><br>П25.2 Дали треба меморандумите за соработка да ги доставиме во апликацијата? | за согласност и сл. може да ги прикачите во секцијата – други документи во онлјан пријавата. |
| П26. Дали може општини/граѓанска организација од друг регион да биде соработници? | Општини од другите региони може, но не се препорачува да бидат соработници во пријавата за овој повик. Граѓански организации од други плански региони може да се вклучат како соработници (не како партнери); или во некоја од директните активности доколку сметате дека се неопходни за спроведување на планираната активност. |
| П27. Дали може да резервираме фонд за мали граѓански акции/иницијативи за млади поединци? | Подобните и неподобните трошоци се опишани во точка 3.4. Трошоци од Водичот за апликанти. Во зависност од планираните активности ваквите трошоци може да биде подобни или неподобни. Предложените активности треба да придонесат кон целта и приоритетите на овој повик. Повеќе информации се дадени во точка 2.2. Приоритети и точка 3.3. Активности од Водичот за апликанти |
| П28. Дали може да аплицира поединечна организација? | НЕ. Во овој повик за грантови за граѓански ангажман, пријавите МОРА да имаат еден носител и најмалку ДВА партнери. |
| П29. Дали има ограничување во бројот на активности? | Не, не постои таков критериум. |
| П30. Дали надворешна ревизија може да биде предвидена во буџетот? | Надворешната проектна ревизија е задолжителен трошок. Се препорачува да се планираат трошоци за надворешна ревизија во висина од околу 3% од бараната сума за грант. Повеќе детали се дадени во точка 3.4. Трошоци од Водичот за апликанти |
| **2. Прашања за подобност на апликантите (носителите и партнерите)** | |
| П31. Дали подружница може да биде партнер на грантот?<br><br>П31.1 Дали може носител да биде подружница на невладината организација која е во друг град, или сепак мора да е главната организација носител?<br><br>П31.2 Организација регистрирана во Скопје со подружница во Битола дали може да аплицира? | Не, не може. Подружниците не се подобни во овој повик. Подружниците не се засебни организации – немаат единствен матичен број – туку имаат подброј од единствениот матичен број на главната организација.<br>Апликантите (носители и партнери) мора да бидат регистрирани во истиот планскиот регион што го избрале во својата пријава и сите активности да се спроведуваат во тој регион |

| | |
|---|---|
| П31.3 Дали ако подружницата е во еден град треба да бара партнери од истиот град/регион? | |
| П32. Дали има ограничување (критериум) во однос на тоа колку време постои организацијата за подобност?<br><br>П32.1 Колку години треба организацијата да постои и да има искуство да е подобна за повикот? | Не, нема таков критериум во овој повик. |
| П33. Дали организациите треба да бидат од ист регион?<br><br>П33.1 Дали партнерските организации (минимум две) треба да бидат од истиот плански регион или не?<br><br>П33.2 Дали критериумот децентрализација треба да го разбереме дека сите три партнери мора да се регистрирани од исти плански регион и истите мора да делуваат во тој регион како и акциите во апликацијата треба да се однесуваат на истиот регион.<br><br>П33.3 Дали носителот и партнерите мора да се од ист плански регион? | Да, тоа е критериум за подобност. Апликантите (носител и партнери) треба да бидат регистрирани во планскиот регион во кој ќе се спроведуваат предложените активности. |
| П34. Новоформирана граѓанска организација без финансии за последните 3 години може да биде од друг регион? | Не, не постои критериум кој се однесува на финансиите во последните три години. Апликантите (носители и партнери) мора да бидат регистрирани во истиот планскиот регион што го избрале во својата пријава и сите активности да се спроведуваат во тој регион. |
| П35. Дали социјално претпријатие може да биде партнер? | Не, не може. Социјалните претпријатија се регистрирани согласно Законот за социјално претприемништво. Социјалните претпријатија може да ги вклучите како соработници. Повеќе информации се дадени во точка 3. Критериуми за подобност во Водичот за апликанти. |
| П36. Бевме партнери и реализиравме акциски грант во 2023 год. Но на повикот аплициравме во 2022г. Дали сега имаме право да аплицираме?<br><br>П36.1 Добитник сме на грант во 2022, дали сме подобни да аплицираме?<br><br>П36.2 Овој повик е за сите организации освен за добитниците на партнерски грантови? | Да, подобни сте да аплицирате. Овој повик е дел од новата фаза на програмата Цивика мобилитас. Добитниците на партнерски грант ЦМ-ПГ (носители и партнери) во тековната фаза на Цивика мобилитас (2023-2026) немаат право да се пријавуваат на овој повик за грантови за граѓански ангажман. |

| | |
|---|---|
| П36.3 Дали нашата организација XXX која има добиено партнерски акциски грант за период Јануари - Октомври 2023 година, на повик за предлози реф.бр. ЦМ-ПАГ-01, средства преку НИРАС во, рамки на мандатот за спроведување на проект помеѓу СДЦ и НИРАС насловен како Civil Society Support Facility - CSSF Macedonia 2019-2023 е погодна да аплицира на овој повик? | |
| П37. Дали може спортско здружение да биде партнер? | Сите формално регистрирани граѓански организации и непрофитни невладини организации се подобни за пријавување на овој повик. Повеќе информации за критериумите за подобност може да најдете во дел 3. Критериуми за подобност во Водичот за апликанти. |
| П37.1 Дали може партнер да биде факултет?<br><br>П37.2 Дали факултетот доколку е регистриран како институт е подобен? | Апликант (носител или партнер) за грант за граѓански ангажман може за може да поднесе непрофитна научно-истражувачка установа, која е регистрирана согласно Законот за научно-истражувачка дејност. Повеќе информации за критериумите за подобност може да најдете во дел 3. Критериуми за подобност во Водичот за апликанти |
| П38. Дали средни училишта може да бидат партнери? | Не, не може. Средните училишта може да се вклучат како соработници; или во некоја од директните активности доколку сметате дека се неопходни за спроведување на планираната активност. Повеќе информации за критериумите за подобност може да најдете во дел 3. Критериуми за подобност во Водичот за апликанти |
| П39. Дали е проблем доколку организацијата е новоформирана и не може да достави завршна сметка? | Не, нема таков критериум во овој повик. |
| П40. Дали е проблем доколку организацијата нема доволен финансиски капацитет а бара повисока сума на грант? | Не, нема таков критериум во овој повик. |
| П41. Дали ако организацијата се појавува како партнер/носител во една апликација може да биде соработник во друга апликација? | Да, може да се појави како соработник во друга апликација. Соработниците може да бидат вклучени во повеќе пријави на овој повик. |
| П42. Дали сме подобни за аплицирање на повикот со оглед на тоа дека не се поминати цели 5 години од нашето основање? | Да, подобни сте. Нема критериум кој се однесува на тоа кога сте основани. |
| П43. Прашање во однос на еден од потенцијалните партнери. Имено, тие се регистрирани согласно законот за здруженија и фондации во 2009 во Прилеп (Пелагониски | Доколку организацијата е регистрирана како посебно правно лице и е регистрирана согласно Законот за здруженија и фондации тогаш е подобна за партнер. |

| | |
|---|---|
| плански регион), меѓутоа се регистрирани како подружница на организација првично основана во Милано. Прашањето ми е, дали се подобни за да ни бидат партнери при апликацијата? | |
| **3. Прашања за други критериуми и услови за аплицирање** | |
| П44. Прашања за други критериуми и услови за аплицирање Појаснување во однос на точка 3.1.1. од Водичот за апликанти, каде вели: ...Цивика мобилитас ќе им даде приоритет на апликантите кои подготвиле, поднеле и објавиле (на својата веб-страница или на друг начин) годишен наративен и финансиски извештај кој ги покрива последните три финансиски години (ако е применливо) согласно ЗЗФ. (во фуснота: Ова значи дека апликантот има изготвено годишни финансиски извештаи (завршна сметка) во законски пропишаниот образец и ги има доставено овие финансиски извештаи до Централниот регистар). Нашето прашање е дали даденото во заграда во однос на годините -ако е применливо-, се мисли дека може да аплицираат и организации регистрирани во 2023 година со годишен наративен извештај и со изготвена и доставена завршна сметка до Централниот регистар? | Нема критериум кој се однесува на тоа кога е регистрирана организацијата. Затоа е додаден описот: „(ако е применливо)“. Новоформирани организации се подобни за аплицирање на овој повик. |
| П45. XXXXXXX ,,XXXXXXXXXX,, Занает кој датира од пред 400 години. За да може да се одржи и продолжи со работа и да го сочуваме овој занает во изумирање и природната убавина потребно е ... Прашање: Што значи МОРА да имаат еден носител и најмалку ДВА партнери? Дали и ние можеме да аплицираме за доделување на грант? | Партнерството е критериум во овој повик. Во овој повик за грантови за граѓански ангажман, пријавите МОРА да имаат еден носител и најмалку ДВА партнери.<br><br>Сите формално регистрирани здруженија на граѓани, фондации и непрофитни истражувачки организации имаат право да аплицираат на овој повик. Критериумите за подобност на актерите се дадени во воведниот дел од Водичот за апликанти и во дел 3.1. Актери од Водичот за апликантите |
| П46. Почитувани, Xxxxxxxxx xx Xxxxxxxxxxxx xx Xxxxxxxxxx - XXX е регистрирано невладино, непрофитабилно и аполитично здружение. Тоа е национално здружение кое вклучува 13 локални еколошки невладини организации како редовни членови.<br>Xxxxxxxxx xx Xxxxxxxxxxxx xx Xxxxxxxxxx е заинтересирано да аплицира на повикот за доделување грантови за граѓански ангажман. | Доколку здружението за кое станува збор е регистрирано засебно (свој ЕМБС и ЕДБ), со свое засебно седиште и персонал тогаш одговорот е ДА. |

| | |
|---|---|
| Прашањето е дали може XXX да аплицира на овој повик како носител на апликација доколку некоја од организациите во неговата структура се појави независно дали како носител или партнер? | |
| П47. Дали сите организации треба да бидат од иста бранша?<br><br>П47.1 Дали партнерите кои аплицираат на една тема може да се од различни области?<br><br>П47.2 Дали има критериум организациите да бидат од ист профил или од иста сфера? | Не, нема таков критериум. |
| П48. Во контекст на регион, доколку се направи промена на седиште во Централен регистер, ќе може да се аплицира?<br><br>П48.1 Доколку едната организација е регистрирана во Скопје, дали можеме да ја префрлиме на друга локација?<br><br>П48.2 Што значи организациите да се регистрирани во планскиот регион?<br><br>П48.3 Доколку организацијата се пререгистрира во друг регион ќе биде подобна и што ако се регистрира до мај?<br><br>П48.4 Дали проектите се ограничени на 1 регион?<br><br>П48.5 Дали може организации од различни региони да аплицираат во еден конзорциум?<br><br>П48.6 Дали сите и носителот на проектот и партнерските организации мора да се од Скопје или може да бидат од различни градови? | Апликантите треба да бидат регистрирани во планскиот регион во кој ќе се спроведуваат предложените активности. Планскиот регион на апликантот се утврдува според тековната состојба во делот податоци за субјект, поле Седиште. Ова е критериум за подобност. Приложената тековна состојба не смее да биде постара од шест месеци од денот на објавувањето на овој повик (12 февруари 2024 г.); |
| П49. Дали е дозволена/подобна набавка на мобилна опрема? | Предложените активности треба да придонесат кон целта и приоритетите на овој повик. Повеќе информации може да најдете во дел 2.2 Приоритети и 3.3. Активности во Водичот за апликанти. Сите трошоци кои што не се директно поврзани со проектните активности и цели се неподобни. Повеќе детали се дадени во точка 3.4. Трошоци од Водичот за апликанти |

| | |
|---|---|
| П50. Дали доколку проектот е одличен но една од активностите е неподобна се смета за критериум за одбивање на проектот? | Не, нема таков критериум. Доколку пријавата биде прелиминарно одобрена и доколку има таква активност ќе биде побарано од апликантите да ја изменат. |
| П51. Дали има потреба од кофинансирање? Дали има стриктна прераспределба на буџетот помеѓу партнерите во конзорциумот?<br><br>П51.1 Дали кофинансирањето е задолжително?<br><br>П51.2 Има ли потреба од кофинансирање или сопствено учество? Доколку има сопствено учество како треба да се пријават?<br><br>П51.3 Дали е задолжително кофинансирање? | Кофинансирањето не е задолжително но се поттикнува.<br>Критериум за подобност е износот со кој ќе располага носителот да изнесува најмногу 40% од побараниот буџет (не повеќе). Делот од буџетот на секој партнер одделно не смее да го надмине износот на носителот.<br>Сопственото учество се смета за кофинансирање но потребно е да има реален и мерлив придонес на сметката каде ќе се финансира проектот. |
| П52. Дали во апликацијата постои поделба за буџет и трошоци?<br><br>П52.1 Што се подразбира под соодносот буџетот помеѓу носителот и партнерите?<br><br>П52.2 Дали може да се смени границата од 40% од финансиите наменет за носителот?<br><br>П52.3 Како може да бидат распределени трошоците во текот на реализација на проектот?<br><br>П52.4 Дали може трошокот за плати да се подели помеѓу повеќе партнери?<br><br>П52.5 Дали има одреден процент на трошоци на човечки ресурси во буџетот?<br><br>П52.6 Во однос на распределбата на трошоци односно 50% на човечки, дали се однесува на секој партнер поединечно или на целосниот буџет?<br>Колкав дел од буџетот треба да се одвои за човечки ресурси?<br><br>П52.7 Дали планирањето на буџетот треба да биде во бруто износ? Во точка 3.4. Трошоци стои: "Износот на оперативните и трошоците за бруто-плати на персоналот се препорачува да биде пропорционален на директните трошоци и до 50% од вкупниот износ на овие три | Во онлајн пријавата има резиме на буџетот каде е претставена распределба на барањето за грант по буџетски линии и вкупен процент од буџетот за секој апликант (носител и партнери). Критериум за подобност е износот со кој ќе располага носителот да изнесува најмногу 40% од побараниот буџет (не повеќе). Делот од буџетот на секој партнер одделно не смее да го надмине износот на носителот.<br><br>Износот на оперативните и трошоците за бруто-плати на персоналот се препорачува да биде пропорционален на директните трошоци и до 50% од вкупниот износ на овие три буџетски ставки (човечки ресурси, оперативни трошоци и директни трошоци).<br><br>Доколку се мисли на делот за плати – тогаш планираниот трошок може да биде во бруто износ. Во овој повик ДДВ не е подобен трошок. Организациите добитници на грант за граѓански ангажман мора да го регистрираат проектот во Секретаријатот за европски прашања (СЕП). |

| | |
|---|---|
| буџетски ставки (човечки ресурси, оперативни трошоци и директни трошоци)." Дали може подетално објаснување за ова се со цел полесно и точно планирање на буџетот. | |
| П53. За колкав период претходно треба да ја покажат партнерите и носителот својата соработка? | Нема таков критериум. |
| П54. Дали условите за носителот се исто како и за партнерите? Во однос за поднесување на завршна сметка | Да. Повеќе информации се достапни во точка 3. Критериуми за подобност во Водичот за апликанти<br>Нема критериум кој се однесува на поднесување завршни сметки. |
| П55. Дали и колкав финансиски капацитет во претходните години треба да има организацијата за да учествува на повикот? | Нема таков критериум во овој повик. |
| П56. Бидејќи во Скопје има повеќе општини, дали грантот треба да се спроведе во сите општини во Скопје или само одредени? | Не, нема таков критериум во овој повик. |
| **4. Прашања поврзани со порталот за регистрација и поднесување на пријавите grants.mk** | |
| П57. При аплицирање, дали целосната документација треба да се прикачи на grants.mk? | Не, не се прикачува целосната документација. Онлајн треба да се пополни пријавата, прилог 2 Буџет и оправданост и прилог 3 Временска рамка. Останатите прилози треба да се прикачат. Повеќе информации се дадени во дел 4.1. Аплицирање во Водичот за апликанти и во Водичот за пополнување пријава. |
| П58. Дали сите треба да креираат профил на grants.mk или само носителот? | Сите апликанти (носители и партнери) мора да се регистрираат на www.grants.mk. По регистрација, само апликантот НОСИТЕЛ треба да се пријави на овој повик за предлози и да започне со пополну-вање на пријавата и прилозите. Повеќе информации се достапни во дел 4. Процес на аплицирање од Водичот за апликанти. |
| П59. Ние како организација XXX сме регистрирани при првиот повик, лани.. дали треба да ја потврдиме или повториме регистарцијата на вашата платформа? | Не, регистрацијата не се повторува. Може да ги проверите и ажурирате податоците внесени во вашиот профил пред да започнете со пополнување на пријава. |
| П60. На отворениот повик на grants.mk, првиот чекор за креирање апликација за проектот е да се внесе насловот. Дали откако ќе се внесе насловот на првиот чекор, после тоа тој може да биде променет или останува ист? Ова се однесува секако пред финалното аплицирање, само во фазата на подготовка на апликацијата. | Да, може да се измени во менито: Мои апликации, каде што е вашата пријава во горниот десен агол. |
| П61. Во делот за информации за партнер, дали во податоците за вкупен персонал се | Да. Во табелата за професионален капацитет треба да се набројат лицата кои работат во организацијата без разлика на типот на договор |

| | |
|---|---|
| вбројуваат и лицата ангажирани со договор на дело? | (вработување на неопределено време, определено време, договор на дело итн.) |
| П62. Кај финансиски капацитет, под приходи и расходи има податок за биланс. Дали овде се мисли на вредност на актива? | Да, тука треба да се прикаже реалната состојба на крајот на годината. |
| П63. Во повикот е наведено дека потврда за партнерство ќе дадат партнерите преку меил, а во пријавата сепак има прилог 8 – изјава за партнерство. Дали се неопходни двата начини (потврда преку меил и потпишана изјава) или само еден начин на потврда е доволен? | Да, потребни се двете. Првата се прави на почеток и со неа се потврдува согласноста за партнерство (носителот ги додава партнерите со нивните ЕМБС а партнерот го потврдува тоа преку мејл). Втората е документ: Прилог 8. Изјава за партнерство која партнерите треба да ја потпишат и достават до носителот. Повеќе информации се дадени во дел во Водичот за пополнување пријава. |
| **5. Прашања во однос на пополнувањето на пријавата** | |
| П64. Дали изјавите за партнерство, партнерите од нивниот профил треба да ги симнат? | Изјавите за партнерство се достапни на информацијата за повикот за грантови на вебстраната на Цивика моблитас во делот Пријава и прилози или носителот може да ја симне во онлајн пријавата за грант – прилози – секција документи и да ја прати до партнерите. Прикачувањето на документи го прави само носителот. Повеќе информации се дадени во дел во Водичот за пополнување пријава. |
| П65. Дали само носителот ја поднесува апликацијата? | Да, само носителот ја поднесува пријавата. Повеќе информации се дадени во Водичот за апликанти и во Водичот за пополнување пријава. |
| П66. Дали се бара финансиска состојба на организацијата при пополнување на апликацијата? | Да. Се пополнува табела за финансиски капацитет од последните пет години (доколку е применливо) за апликантите (носител и партнери) |
| П67. Дали буџетот е незадолжителен документ за поднесување? | Прилог 2. Буџет и оправданост е задолжителен и се пополнува во онлајн формат. Повеќе информации се дадени во дел во Водичот за пополнување пријава. |
| П68. Кои документи се пополнуваат на платформата grants.mk а кои се прикачуваат? | Онлајн треба да се пополни пријавата, прилог 2 Буџет и оправданост и прилог 3 Временска рамка. Останатите прилози треба да се прикачат. Повеќе информации се дадени во дел 4.1. Аплицирање во Водичот за апликанти и во Водичот за пополнување пријава. |
| **6. Други прашања...** | |
| П69. За информативните разговори што ќе се одржат во март, дали ќе бидам известен и каде ќе се одржуваат, во Скопје или и по другите градови? | Цивика мобилитас ќе одржи информативни средби во сите плански региони за овој повик за предлози. Ве молиме редовно да ја следите веб-страницата на Цивика мобилитас за да се информирате за датуми, локации час и |

| | |
|---|---|
| | евентуални промени во врска со информативните средби. |
| П70. Дали повикот е за истите организации од Сорос кој секоја година Ре институционализираат или стои некоја партиска бпозадина за нови „свежи“ организации. | Овој повик за предлози е за грантови за граѓански ангажман. Сите формално регистрирани здруженија на граѓани, фондации и непрофитни истражувачки организации имаат право да аплицираат на овој повик. Критериумите за подобност на актерите се дадени во воведниот дел од Водичот за апликанти и во дел 3.1. Актери од Водичот за апликанти |
| П71. Дали може да вклучиме и доктори од секундарното здравство?<br><br>П71.1 Дали ангажираните лица на проектот треба да се вработени со полно работно време во организациите?<br><br>П71.2 Дали може вработен во државна институција да биде координатор или дел од тимот на партнерите апликанти? | Да, можете.<br>За државните службеници нема ограничувања, значи може да бидат ангажирани хонорарно, надвор од нивното работно време во институцијата. Охрабруваме јасно дефинирање во самата апликација каков вид однос ќе се заснова со лицата ангажирани во проектот. Доколку пријавата биде прелиминарно одобрена ќе побараме јасно дефинирање каков вид однос ќе се заснова со лицата ангажирани во проектот. |
| П72. Каде се канцелариите на Цивика мобилитас? | Цивика мобилитас е проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска).<br>Канцелариите на Македонскиот центар за меѓународна соработка се на улица Никола Парапунов бр. 41а, во Скопје. |
| П73. На што да обрнеме внимание при пишување на апликацијата? | Предложените активности треба да придонесат кон целта и приоритетите на овој повик. Повеќе информации може да најдете во дел 2.2 Приоритети и 3.3. Активности во Водичот за апликанти |
| П74. Што ако собереме докази за мислењето на граѓаните но сепак не добиеме грант? | Целта на овој повик за предлози е да се поддржат интервенции кои ќе го зголемат активното вклучување и учество на граѓаните во планирањето и спроведувањето на проектите и ќе ја подобрат вклученоста на граѓаните во управувањето со ГО. Предложените активности треба да придонесат за зголемување на знаењето и довербата во граѓанското општество.<br>Повеќе информации може да најдете во дел 2.2 Приоритети и 3.3. Активности во Водичот за апликанти. Ќе се одберат најдобрите предлози (8 |

| | |
|---|---|
| | до најмногу 10), а останатите нема да бидат поддржани со грант. |
| П75. Дали партнерите немаат обврска за поднесување годишни сметки? | Не, нема таков критериум во овој повик. Поднесувањето на годишни сметки и финансиски извештаи е регулирано со закони. |
| П76. Доколку е предвидена набавка на опрема од друг донатор, трошоците ќе се сметаат за кофинансирање или како трошок на проектот? | Ќе се сметаат како трошок на проектот покриен со средствата за кофинансирање. Исто така потребно е одобрение од другиот донатор средствата да се прикажат како кофинансирање. |
| П77. Дали има општи правила за набавки? | Доколку организацијата има утврдени внатрешни процедури и правилници за набавки се води според нив. Доколку нема потребно е да се води според пропишаните закони. Доколку пријавата биде прелиминарно одобрена ќе побараме јасно дефинирање у увид во правилата и процедурите. |
| П78. Во делот на учење од прилог 5, што се подразбира под делот Кои активности за учење (организациско или тематско менторство, обуки, работилници и сл.) ви се потребни за ефективно и ефикасно спроведување на активностите?<br><br>П78.1 Дали може повеќе објаснување за прилог 5? | Прилог 5 Набљудување, оценување, известување и учење и прашањето 2.1. треба да се пополни по одговарање на Инструментот за самопроценка на организациските капацитети. Во одговорот за 2.1. треба да наведете што вие кои сметате дека ви е потребни за учење за да може ефективно и ефикасно да ги спроведе планираните активности. Инструментот за самопроценка треба да го пополнат сите апликанти (носите и партнери), а само носителот треба да ги одговори прашањата во прилог 5. |
| П79. Дали може да користиме експерт кој веќе работи на проект финансиран од Швајцарија? | Начелно да, а доколку пријавата биде прелиминарно одобрена ќе побараме јасно дефинирање каков вид однос ќе се заснова со лицата ангажирани во проектот. |
| П80. Дали договорот го потпишува само носителот? | Да, Цивика мобилитас потпишува договор само со носителот на проектот (апликантот). Распределбата и утврдувањето обврски по добивањето на грантот ја регулираат носителот и партнерите со меѓусебен договор . |
| П81. Дали одговорноста кон донаторот е целосно на носителот?<br><br>П81.1 Кој ги поднесува извештаите? | Наративното и финансиското известување кон Цивика мобилитас за целиот грант е одговорност на носителот (апликантот). |
| П82. Дали може да ангажираме експерт за заштита на животната средина и ризици? Во однос на пополнување на ЦЕДРИГ? | Во однос на активности во пријавата да, можете. Доколку пријавата биде прелиминарно одобрена ќе побараме јасно дефинирање каков вид однос ќе се заснова со лицата ангажирани во проектот. Во однос на пополнување на прилог 6. Влијание на животна средина одлуката за пополнување е ваша. |
| П83. Имплементацијата на проектите по чии правила се спроведува? | Доколку организацијата има утврдени внатрешни процедури и правилници за набавки се води |

| | |
|---|---|
| | според нив. Доколку нема потребно е да се води според пропишаните закони. Доколку пријавата биде прелиминарно одобрена ќе побараме јасно дефинирање у увид во правилата и процедурите. |
| П84. Дали да се остава резерва за промена на цени во данок? | Резервата може да изнесува максимум 10% од вкупните трошоци. Резервата се користи само доколку има потреба, преку барање за користење на резерва. |
| П85. Дали зелена транзиција се прифаќа како климатски промени? | Да, се прифаќа. |
| П86. Дали културно наследство со екологија ќе биде прифатено како тема? | Да. Грантовите за граѓански ангажман мора да придонесат кон Резултат 1 на Цивика мобилитас. Пожелно е грантовите да бидат во една од приоритетните теми/области на Цивика мобилитас. Повеќе информации може да најдете во дел 2.2 Приоритети во Водичот за апликанти. Предложените активности треба да придонесат кон целта и приоритетите на овој повик. Повеќе информации може да најдете во дел 2.2 Приоритети и 3.3. Активности во Водичот за апликанти |
| П87. Дали чадор организациите се бодуваат повеќе? | Не, нема таков критериум. |
| П88. Дали се можни менувања/кратења во буџетот? | Да. Доколку пријавата биде прелиминарно одобрена може да биде побарано од страна на Цивика мобилитас да се направат измени или намалувања во предложениот буџетот. |
| П89. Од кога ќе се почне со спроведување?<br><br>П89.1 Од кога започнуваат 24те месеци за спроведување на грантот? | Согласно прелиминарната временска рамка од Водичот за апликанти спроведувањето би требало да започне во јули 2024 г. |
| П90. Дали сумите од финансиската состојба треба да се придружени со изводи од банка? | Не, нема таков критериум ниту барање. Цивика мобилитас во текот на административната проверка и проверката за подобност може да побара дополнителни документи поврзани со финансиската состојба. Повеќе информации се дадени во точка 6. Административна, правна и финансиска верификација од Водичот за апликанти |
| П91. Дали се прифатливи активности како организација и одржување на јавни трибини со централни институции за подобрување на законските регулативи? | Да, прифатливи се доколку потребната институција или друг субјект не се достапни во планскиот регион а се потребни за успешна реализација на активностите. |
| П92.1 Прилог 6 – ЦЕДРИГ дали самите треба да го изработиме или треба стручно лице?<br><br>П92.2 Дали прилог 6 - ЦЕДРИГ треба сите организации да го пополнуваат? | Во однос на пополнување на прилог 6. Влијание на животна средина одлуката за пополнување е ваша. Прилогот го пополнува носителот во соработка со партнерите а се однесува на |

| | |
|---|---|
| | проценка на планираните активности од пријавата. |
| П93. Извештаите на колку време се доставуваат? | Динамиката за наративно и финансиско известување со утврдува со договорот за грант за граѓански ангажман. Најчесто динамиката на известување е шест месеци. |
| П94. Дали ако е регионален проект со повеќе од една општина опфатена ќе добие повеќе поени? | Не, нема таков критериум. |
| П95. Ако една од организациите е претходен добитник на грант на Цивика ќе се бодува повеќе? | Не, нема таков критериум. |
| П96. Кои се пропозициите околу формирање на партнерство – односно дали може повеќе партнери и дали се бодува повеќе доколку има повеќе партнери?<br><br>П96.1 Дали бројот на партнери влијае на бодувањето? | Во овој повик пријавите мора да имаат еден носител и најмалку два партнери. Нема критериум за максимален број на партнери. Бројот на партнери не носи дополнителни бодови. |
| П97. Каде може да се најдат повеќе информации за целите и приоритетните области/теми на Цивика Мобилитас? | Повеќе информации може да најдете во Водичот за апликанти. |
| П98. Дали регионалниот настан што ќе го спроведе конзорциумот може да биде и онлајн? | Да, може да биде и во формат на виртуелен настан. Повеќе детали се дадени во точка 3.3. Активности од Водичот за апликанти |
| П99. Кои се конституенти? | Зависно од природата на вашата организација тие може да се: вашите членови, основачи, поддржувачи, засегнати граѓани и заедници, корисници, и поширок круг на чинители, и други. |
| П100. До кога може да се поставуваат прашања? | Рокот за поставување прашања е до 2 април 2024 г. до 13:00. |
| П101. Дали ова е последен повик од Цивика мобилитас? | Да, ова е последен повик од оваа фаза на Цивика мобилитас (2023-2026). |
| П102. Дали персоналот на проектот мора да биде на полно работно време вработен во организацијата? | Не, не постои таков критериум. Доколку пријавата биде прелиминарно одобрена ќе побараме јасно дефинирање каков вид однос ќе се заснова со лицата ангажирани во проектот. |
| П103. Дали може да се аплицира со проект веќе одобрен како ад хок на Цивика? Вклучително со истиот тим и истото име на проект? | Да може доколку придонесува за целта и приоритетите на овој повик. Повеќе информации може да најдете во дел 2.2 Приоритети и точка 3.3. Активности од Водичот за апликанти |
| П104. Дали резултатите треба да бидат на регионално ниво? | Сите грантови мора да се однесуваат на точка 2.2. Приоритети на овој повик за предлози. Предложените акции/активности треба да го зголемат знаењето и довербата во граѓанското општество од страна на граѓаните. Сите активности треба да се спроведат во планскиот |

| | |
|---|---|
| | регион каде што сте регистрирани. Ова не мора да значи дека планираните/постигнати резултати се однесуваат само на регионално ниво. |
| П105. Доколку организацијата има само волонтери/соработници дали ќе биде негативно бодувана? | Нема таков критериум во овој повик. |
| П106. Дали може да има два координатора од две партнерски организации ? | Да, може. Распределбата и утврдувањето обврски е одлука на апликантите (носители и партнери). |